Во својата дискусија Злате Биљановски истакна да е крајно време да не-
што се напише за Овчарот.Ова можеби требаше да се стори некаде пред дес
тина години. Ако се зборува за Овчарот како за човек,борец,командант
може да се спореди со Кузман,Тарцан,Свештарот.Тој е легенда и понос на
Македонскиот народ. Зошто досега не сме ништо напишале тоа е вина пред
се на Ресен, бидејки матичната организација покренува прашања.Но не да
бараме виновник.Не се слагаме да се собере материјал и да се даде на
разработка во ИНИ бидеќи не ќе добиеме ништо друго освен борба за коно-
рари.

Потоа истакна дека добро го познава Овчарот и да доста време поми-
нале заедно и во единиците на НОВ и покасно. Потоа се заложи за формирање
на еден одбор за изработка и пишување на книга и тоа формирање да се
изврши во Ресен секако имајки ги во предвид предлозите што ќе произлезат
од вовој состанок.

Бориз Алексовски во повторната дискусија рече да Ресен си обезбеди
средства за работа и луѓе кои ќе прибираат материјали, од нив еден да с
одреди што ќе оди и ќе посети дел на борци и ќе изврши снимање на мате
ријали.

Крсте Соколовски се залагаше да се одреди лице што ќе прибира и ќе ја
напише книгата независно од каде е.А Јовко Јовковски предложи да се
формира поширок одбор во кој ќе влезат луѓе што го позна-
ваат Овчарот, работна група што ќе состави Сценарио -Проект( потоа на
еден состанок да се разгледа и верифицира), да се одреди потоа работна
група што ќе прибира материјали,документи,слики. И тоа луѓе Историчари
кои добро ја познаваат поновата историја ,а потоа еден двајца од нив
да ја напишат книгата.

Во натамошната дискусија во која учество зедоа Круме Димировски,Танас
Тасевски,Живко Стефановски,Бено Русо,Панде Толевски се потенцираше пра
шањето од формирање на Организационен одбор со претставници од Скопје
Ресен и Битола.Да се изработи Сценарио,Програма за работа со задолжу-
вања кои активности треба да ги обави Секцијата на Одредот "Даме Груе
во Скопје, секцијата на Првата, мак.-кос секција
на Третата македнска бригада, секцијата на одредот во Битола.Таа Прогр
ма со оперативни задачи да биде со точно определени рокови.Да
се задолжат сите оние кои самостојно можат да пишуваат и што поскоро
ги напишат своите сеќавања.

Во Организациониот одбор да влезат луѓе кои најтесно контактирале с
Овчарот и најмногу ја познаваат неговата личност, а воедно допринесат
со својата активност во реализирање на оваа задача.

Во собирачката активност треба стручно да се пристапува, а не да
се прибира само суво раскажување.Да се изберат историчари кои цела ра-
бота стручно ќе ја водат на организирани расправи така и во
поединачните контакти.

Да се прибере цела документација за Овчарот, а воедно се прочита
она што за него е пишувано.

Потоа беа предложени и членови во Организациониот одбор од борци
Скопје: Бено Русо,Фана Кочовска,Крсте Соколовски,Панде Толевски,Злате
Биљановски,Евтим Ристевски, и Јордан Наумовски

Потоа се заклучи да овој одбор се прошири со нови борци од Битоала и Ресен и истиот го формира на о ој состанок Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ Ресен, односно неговото Претседателство.

Да се информира Сексијата за традиции во Републички одбор како и самиот Репулички одбор за оваа иницијатива.Обврск за тоа зедоа Панде Толевски и Фана Цветковиќ.